**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-241/4**

**Скопје, 18.06. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Свети Николе за 2007 година, кои се прикажани на страните од 6 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Свети Николе за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

   - Слободан Даневски, градоначалник на општина Свети Николе во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 05.03.2008 до 14.03.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на изготвување на буџетот**

При оценка на системот на интерни контроли во процесот на изготвување на Буџетот на Општината, ревизијата констатира дека постои ризик во однос на квалитетното и навремено донесување на Буџетот. Имено, во актите на Општината во однос на организирањето на општинската администрација постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на изготвување на буџетот, меѓутоа, до крајот на 2007 година, не е остварена соодветна пополнетост на администрацијата со вработени во делот за изготвување на буџетот и не е донесен буџетски календар. Буџетот за 2007 година е изготвен од раководителот на Одделението за финансирање, буџет, администрирање со даноци и локален економски развој и самостојниот референт за финансиско-сметководствени работи, кој истовремено ја води целокупната сметководствена евиденција, врши пресметка на плати на општинската администрација, контрола на пресметаните плати на корисниците во општината и го врши благајничкото работење. Концентрирањето на повеќе функции во една личност, без разграничување на одговорностите и невоспоставени контролни постапки, создава можности за грешки во работењето и намалување на квалитетот на донесениот Буџет.
Буџетскиот календар во кој се утврдени роковите за планирање на општинскиот буџет за 2007 година не е донесен од советот на Општината, за разлика од претходната и 2008 година за кои буџетскиот календар е донесен, што упатува на недоследност во примената на законските прописи. Ова може да резултира со доцнење во постапката на изготвување и донесување на Буџетот на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да обезбеди соодветна екипираност со вработени, одговорни за процесот на изготвување и извршување на буџетот и да преземе активности во насока на редовно донесување на Буџетски календар за секоја година со утврдени рокови.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Општина Свети Николе не остварува приходи по основ на такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места, иако во Одлуката за висината на комуналните такси во општина Свети Николе има определено тарифа по овој основ, што е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за комунални такси.
Непочитувањето на законските одредби придонесува за помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение во општина Свети Николе да воспостави целосна евиденција (регистар) на обврзници за комунални такси.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на приходите по основ на даноци на имот искажани во финансиските извештаи за 2007 година од следниве причини:

- Согласно одредбите од Законот за даноците на имот, администрацијата на општината Свети Николе е обврзана да води регистар на недвижен имот како база на податоци кој ги содржи имињата и адресите на даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите, вредноста на имотот, даночните стапки и решенија за платен данок. Даночното одделение на општина Свети Николе има воспоставен систем на водење на даночно книговодство (регистар на недвижен имот) врз основа на базата на податоци добиена од Управата за јавни приходи, меѓутоа, добиената база се уште не е ажурирана што се објаснува со недоволен број на извршители во изминатата година.
- Општинската администрација, има обврска за редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи. Такво усогласување не се врши, што се одразува на комплетноста на податоците.
- Со одредбите на Законот за даноци на имот е уредено дека наплатата на пристигнатиот даночен долг, паричните казни и каматите кои даночниот обврзник не ги платил доброволно во пропишаниот рок, општинската администрација ја врши со присилна наплата. Пред пристапувањето кон присилна наплата општинската администрација му доставува писмена опомена на даночниот обврзник за да ги плати обврските во утврден рок, по што, градоначалникот на општината носи решение за присилна наплата. Во општина Свети Николе се доставени писмени опомени за намирување на даночниот долг, меѓутоа, досега не е вршена присилна наплата.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот, како и непреземањето на сите законски мерки за наплата на даночниот долг, придонесува за помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничени активности на Општината.

**Препорака:**
Вработените во даночното одделение во општина Свети Николе да:

- воспостават целосна евиденција на даночните обврзници, односно да се реализира ажурирањето на податоците за даночната основа преку увид на лице место од страна на комисијата за недвижности, особено за новите населби во градот во кои поголемиот дел од градбите не се легализирани;

- вршат редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности во Општината и регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи, со што ќе се обезбеди реалност на податоците за даночните обврзници како и да се изготви меморандум за соработка со Државниот завод за геодетски работи,и
- преземаат мерки за присилна наплата на ненаплатените даночни долгови.

10.3.2. За утврдување на даночната обврска по основ на данок на промет на недвижности и наследство и подарок, општината Свети Николе има формирано комисија која пресметката ја врши врз основа на Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, при што се води сметка за зоните во кои се лоцирани објектите (во однос на данокот на промет, градот е поделен на две зони), меѓутоа, писмен акт за поделба на улиците по зони не е донесен. Не се врши контрола на пресметаниот данок на промет на имот, односно вработените во даночното одделение вршат прием на барањата, пресметка на даночната обврска (како членови на комисијата) и евидентирање во даночната евиденција. Нема поделба на надлежностите и одговорностите.
Непостоење на акт за точна поделба на општината по зони заради даночните потреби и невоспоставени контролни постапки, создава претпоставки за субјективност во пресметување на даночната обврска и остварување на помалку приходи по овој основ.

**Препорака:**
Градоначалникот да иницира изготвување пишани процедури заради дефинирање на постапката за пресметка на данок на промет на недвижности и советот да донесе акт за поделба на улиците по зони за даночни потреби.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Паричните средства на сметката на Буџетот, како и искажаниот вишок на приходи во Билансот на приходи со состојба на 31.12.2007 година се искажани во поголем износ за 4,332 илјади денари. Имено, во 2006 година по укинувањето на Сметката на самопридонесот во Стопанска банка, салдото на паричните средства во износ од 5,617 илјади денари се пренесени во буџетската сметка поради тоа што во рамките на трезорот, сметката на самопридоносот сеуште не била отворена. Во 2006 година согласно програмата за самопридонес се искористени 1,285 илјади денари, така што на сметката на Буџетот се останати 4,332 илјади денари средства на самопридонесот кои и со состојба на 31.12.2007 година се наоѓаат на сметката на Буџетот.
Чувањето на средства од самопридонесот на буџетската сметка создава можност за ненаменско и незаконско користење на овие средства.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да даде налог за пренос на салдото на паричните средства од самопридонесот од сметката на Буџетот на сметката од самопридонесот, заради нивно користење во согласност со Програмата за користење на средства од самопридонесот.

11. Според наше мислење, поради наодите во точката 10.1. до 10.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Свети Николе на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на органот на Општина Свети Николе.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е намалување на побарувањата за 38 илјади денари.

**Скопје 16.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 28,364 | 11,796 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 4,769 | 1,912 |
| Капитални приходи | 3.3. | 4 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 30,274 | 24,512 |
| **Вкупно приходи** | | **63,411** | **38,220** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 14,214 | 10,150 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 38 | 40 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 17,623 | 12,107 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 720 | 841 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 657 | 718 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **33,252** | **23,856** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 23,382 | 10,261 |
| **Вкупно расходи** | | **56,634** | **34,117** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **6,777** | **4,103** |

Образложенијата на страните од 7 до 14 се составен дел на финансиските извештаи

**ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ БУЏЕТ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 6,777 | 4,103 |
| Побарувања | 4.1.2. | 14,378 | 9,282 |
| **Вкупно тековни средства** | | **21,155** | **13,385** |
| **Вкупна актива** | | **21,155** | **13,385** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 21,155 | 13,385 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **21,155** | **13,385** |
| **Вкупна пасива** | | **21,155** | **13,385** |

Образложенијата на страните од 7 до 14 се составен дел на финансиските извештаи